**201909801236**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2019 година.

Бр. 08-2587/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ**

Член 1

Во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 88/2008, 35/11 и 139/14), во членот 2 точка 2 зборовите: „за кои државата има издадено државна гаранција” се бришат.

По точката 6 се додаваат две нови точки 7 и 8, кои гласат:

„7. **Нето задолжување** е разлика помеѓу ново акумулираниот долг и долгот кој доспева, во текот на една календарска година.

8. **Препозајмување** е постапка кога Владата на Република Македонија средствата обезбедени со задолжување кај домашен или странски заемодавач ги позајмува на носители на јавен долг.“.

Точките 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат точки 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

Член 2

Во насловот на глава II зборовите: „ПОЛИТИКА НА“ се заменуваат со зборовите: „СТРАТЕГИЈА ЗА“.

Член 3

Во членот 7 ставот (3) се менува и гласи:

„Министерството за финансии изготвува Стратегија за управување со јавен долг за среднорочен период од три години.“.

Во ставот (4) зборот „Политиката“ се заменува со зборот „Стратегијата“.

Во алинејата 2 зборот „ново“ се заменува со зборот „нето“, зборовите: „фискалната стратегија" се заменуваат со зборот „стратегијата“, а сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 3 зборовите: „фискалната стратегија“ се заменуваат со зборот „стратегијата“, а точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- структурата на државниот долг.“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии ја донесува стратегијата за управување со јавен долг најдоцна до 31 мај во тековната година за наредниот тригодишен период.“.

Член 4

Во членот 11 став (1) алинејата 9 се менува и гласи:

„- ги евидентира издадените државни хартии од вредност и создава услови за развој на секундарниот пазар;“.

Во алинејата 14 зборовите: „пласирањето на“ се бришат.

Во алинејата 17 по зборот „долг“ се додаваат зборовите: „освен во случај кога долгот не е гарантиран од државата“.

Во став (2) алинејата 3 се брише.

Член 5

Членот 12 се менува и гласи:

„(1) За извршување на Буџетот на Република Македонија, Министерството за финансии во име на Република Македонија може да се задолжи до максимален износ потребен за финансирање на буџетскиот дефицит и рефинансирање на обврските од државниот долг за тековната и наредните две фискални години, утврден во Буџетот на Република Македонија и фискалната стратегија.

(2) Државниот долг се создава и користи за:

- финансирање на проекти и инвестиции,
- поддршка на платниот биланс на земјата,
- поддршка на девизните резерви на Република Македонија,
- поттикнување на развојот на финансиските пазари во Република Македонија,
- финансирање на буџетскиот дефицит,
- привремено финансирање на ликвидноста поврзана со готовински текови,
- рефинансирање на обврските кои произлегуваат од државниот долг, вклучително и предвремена отплата на долг пред датумот на доспевање, и/или предвремен откуп на должнички хартии од вредност издадени од државата,
- препозајмување (он-лендинг) на носителите на јавен долг,
- финансирање на преземени обврски од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје,
- плаќање по основа на издадени државни гаранции и
- заштита или отстранување на ефектите предизвикани од природни непогоди и од еколошки катастрофи.

(3) Проектите предложени за финансирање од ставот (2) алинеја 1 на овој член, треба да ги исполнат следниве критериуми:

- усогласеност со стратешките документи на Владата на Република Македонија и
- носителите на јавниот долг да обезбедат средства за кофинансирање заради непречена реализација на проектот.“.

Член 6

Во членот 16 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Согласноста за задолжување од ставот (3) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.“.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „ставови (2) и (3)“ се заменуваат со зборовите: „став (2)“.

Ставовите (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (7), (8), (9) и (10).

Член 7

Во членот 17 став (1) зборот „позајми“ се заменува со зборот „препозајми“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Финансиските услови за препозајмување на средствата ги утврдува Владата на Република Македонија“.

Во ставот (3) кој станува став (4) по зборовите: „Министерот за финансии" се додаваат зборовите: „во име на Владата на Република Македонија“, а зборот „заем“ се заменува со зборот „препозајмување“.

Во ставот (4) кој станува став (5) бројот (3) се заменува со бројот (4).

Во ставот (5) кој станува став (6) бројот (4) се заменува со бројот (5).

Во ставот (6) кој станува став (7) бројот (4) се заменува со бројот (5), а бројот (3) се заменува со бројот (4).

Член 8

Во членот 18 став (4) зборот „ново“ се заменува со зборот „нето“.

Член 9

Во членот 20 став (2) се менува и гласи:

„Министерот за финансии донесува одлука за вршење на предвремениот откуп од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Министерот за правда издава правно мислење за правната важност на предвремениот откуп на државни хартии од вредност на меѓународниот финансиски пазар.“.

Член 10

Во членот 20-а став (3) се менува и гласи:

„Согласноста за задолжување од ставот (1) на овој член има важност за календарската година во која е издадена“.

Член 11

Во членот 21 по ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) Министерството за финансии ја проценува кредитната способност на носителот на јавен долг кој бара издавање на државна гаранција врз основа на анализа на финансиската состојба и нејзините изгледи во текот на гарантираниот период, која вклучува анализа на показатели за ликвидност, солвентност и профитабилност на јавните претпријатија и трговските друштва и показатели за буџетското и финансиското работење на општините и јавните установи основани од Република Македонија.

(4) Министерот за финансии поблиску го пропишува начинот на вршење на анализата на податоците доставени од страна на носителот на јавен долг, примената и вреднувањето на финансиските показатели од ставот (3) на овој член.

(5) По исклучок на ставот (3) од овој член, кога носителот на јавен долг нема да го исполни критериумот за кредитоспособност, Владата на Република Македонија може да издаде државна гаранција на носители на јавен долг за проекти кои ќе бидат утврдени како стратешки, по барање на носителот на јавен долг.“.

Член 12

Во членот 25 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Согласноста за задолжување од ставот (2) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.“

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 13

Во членот 25-а по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Согласноста за задолжување од ставот (2) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.“.

Ставот (5) станува став (6).

Член 14

Во членот 25-б по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Согласноста за задолжување од став (1) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 15

Во членот 27 став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „најдоцна до 30 јуни наредната година.“.

Во ставот (2) по зборовите: „Министерството за финансии“ се додава зборот „квартално“, а зборовите: „и во Билтенот на Министерството за финансии" се бришат.

Член 16

Одредбата од членот 11 од овој закон со кој во членот 21 се додаваат три нови става (3), (4) и (5) ќе започне да се применува по шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од пет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.